Врз основа на член 51, став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација на АУП за препарцелација и формирање на градежни парцели Г.П33.18.II и Г.П34.18.II и формирање на нови градежни парцели Г.П33.18.II, Г.П33а.18.II и Г.П34.18.II, Блок бр.18, К.О Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на АУП за препарцелација и формирање на градежни парцели Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервис, Г4-стоваришта, за препарцелација на Г.П33.18.II и Г.П34.18.II и формирање на нови градежни парцели Г.П33.18.II, Г.П33а.18.II и Г.П34.18.II, Блок бр.18, К.О Струмица, со површина од 4275,57м$^2$ кој граничи:

- од северната страна со ул„бр.14";
- од источната страна со ул„бр.1";
- од западната страна со ул„бр.5";
- од јужната страна со КП7515/3, К.О Струмица.

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи ,на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 12.06.2020 година до 18.06.2020 година,а јавната презентација ќе се одржи на ден 15.06.2020 година во 11:30 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

**Член 4**

АУП за препарцелација и формирање на градежни парцели Г.П33.18.II и Г.П34.18.II и формирање на нови градежни парцели Г.П33.18.II, Г.П33а.18.II и Г.П34.18.II, Блок бр.18, К.О Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

**Член 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок преку анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-3318 /2
08.06.2020 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски